Ова е простор за Вашата РЕКЛАМА

## Исповед низ алегории

( Кон изложбата: "Што не е деконструкција?, КИЦ, Скопје од Атанас Ботев)

Пред да се отвори самостојната изложба на Атанас Ботев во КИЦ, јавноста беше шокирана од најавата на овој настап на неколку билборди во Скопје. Настрана од квалитетот на делото, да не беше прочитан актуелен политички знак во ова известување, името на овој млад сликар немаше веднаш да се појави на телевизијата Еуроњус и на насловните страници на нашите медии. Ботев има право ликовно да го декларира својот став, но околу тоа дали го избра вистинскиот момент, мислењата остануваат поделени?
Билбордите на Ботев се во директна релација со неговите слики поставени на изложбата. Тој е заинтересиран за моралните и етичките прашања поврзани со војните, политичките, верските и етничките состојби што доведуваат до разјадување на автентичноста и до пад во неизвесноста. Го засега и агресивноста на масовните средства за општење што го дегенерираат јавниот говор, уништувајќи ја индивидуалноста. Наместо тишина и хируршки рез во неговото творештво се јавуваат повеќејазичност, бескрајно ширење на дискурсите. Светот на Ботев е растегнат меѓу распарчувањето (на верско, етничко, економско... рамниште) и интегралноста (глобализација, мултикултура, мултиконфесионалност...), детектирајќи сериозна хуманистичка криза. Авторот смета дека, колку повеќе расте напливот на трескавичните сцени од боиштата и од урнатините на тероризмот, толку повеќе психозата на ова повторување едновремено ја припитомува чувствителноста и создава од нас чудовишта на рамнодушноста. Патот кон повторното раѓање, емотивната свежина и коректноста го гледа во надминувањето на ужасите преку естетскиот чин. За да го направи поподнослив вознемирувачкиот материјал на апокалиптичните состојби, во нагласено наративниот говор на фигурацијата користи реторички фигури (пред се алегории), што подразбира семантичка разновидност на техники, медиуми, медии, времиња и простори.
Во основа творештвото на Ботев се надоврзува на линијата на алтернативната сцена во Македонија, но со поомекнат субверзивен набој и поистакнат афинитет кон техничко-технолошките стојности на сликарството, цртежот, а особено на графиката. Грижата за феноменолошките аспекти едновремено ја подразбира насоката кон класичната обработка и насоката кон експерименталните можности за менување на академските матрици. Првата насока е карактеристична за неговите почетни графики и цртежи, главно во црно-бела и сива гама. Втората се однесува на поновите платна, цртежите-колажи и инсталациите. Сложената монтажа на различни стилски искази, низ којашто се деконструираат темелите на ликовните норми за да се направи нов скелет на сликата, не е само алегориска критика, туку и дневник на интимното неспокојство. Авторскиот фокус е утврден во исповедувачките доблести, незадоволството, раздразливоста и латентната меланхолија.
Соња Абаџиева



© ВЕСТ 2001
Секое користење на информации и фотографии од сајтот,
без дозвола на Редакција ВЕСТ е забрането

ФЕРШПЕД
HOTEL
T Home
www.AGORA.ORG.MK
MACEDONIA SEARCH
ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА
МАТИЦА НА ИСЕЛЕНИЦИТЕ
ЖИВО НАСЛЕДСТВО македонија
www.zivonasledstvo.org.mk
365 com.mk
kniga.com.mk